Напишано од Оливер Арсовски
Сабота, 07 Март 2020 15:27 -

http://www.youtube.com/watch?v=lqu6Nb-CU5s

Во три општини од Североистокот, Кратово, Крива Паланка и Ранковце, веќе четири месеци успешно се спроведува проектот „Медиумско описменување за критичен младински став“, финансиран од Европската унија, а спроведен од Центарот за аудиовизуелни уметности од Крива Паланка. Основците од четири училишта посетуваа обуки и работилници, на кои учеа за медиумската писменост, препознавање на лажни вести и заштита на интернет. Проектот ќе продолжи и во следните два месеци.

**-Во него се вклучени ученици од деветто одделение во овие четири училишта, кои учат за основите на медиумската писменост, интернет заштита од злоупотреби и манипулации, правилно однесување во онлајн комуникациите, а учениците ќе бидат вклучени и во изработка на едукативни прилози и снимање на видео пораки, како и спроведување на една младинска акција –** истакна проект-координаторот Жаклина Цветковска.

Експертите за комуникации и социјални медуми сметаат дека во најскоро време медиумската писменост треба да стане дел од формалното образование , како нужна потреба на младите.

**-Критичкото размислување уште од најмали нозе, воведувањето на медиумската дигитална писменост во образованието , критичкото размислување на учениците е нешто што мораме да го воведеме, доколку сакаме да ја направиме инклузивен процес во кој ќе бидат сите вклучени** – вели Бојан Кордалов, специјалист за социјални медиуми.

Проектот се спроведува со поддршка на Фондацијата „Метаморфозис“и Евротинк-Цент ар за европски стратегии,
а се
реализира во соработка со медиумскиот партнер
,
веб
-
порталот „Аберџија
“.

**Оливер Арсовски**

